Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

Архивски број: ИП1 16-1624/6
Датум: 06-03-2024 година
Скопје

# ЗАПИСНИК

## за спроведен практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ„ број 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ„ бр.238/19 и 167/2021), на ден 04.03.2024 година со почеток во 11,00 часот во службените простории на Инспекциски совет пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за Советник инспектор, формирана од Раководителот на инспекциската служба - Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика , со решение бр.16-1624/3 од 13.02.2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:

1. Ментор на кандидатот - Никола Димитровски - Виш инспектор,
2. Томислав Цветковски - Виш инспектор,
3. Соња Налбанти Димоска - Советник инспектор и
4. Благоја Гешовски - Претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Виолета Маневска Георгиевска, кандидат за Советник инспектор во Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, која избра симулација на редовен инспекциски надзор во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита, подзаконските, општите, поединечните и други акти донесени врз негова основа, во постапката за остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош, во субјектот на инспекциски надзор - ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ„ бр.238/19 и 167/2021), при што кандидатот за Советник инспектор Виолета Маневска Георгиевска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на инспекциски акти, Затварање на инспекцискиот надзор и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Виолета Маневска Георгиевска, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

-Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови,
-Спроведување на инспекциски надзор - 30 бодови,
-Затворање на инспекциски надзор - 30 бодови и
-Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за Советник инспектор Виолета Маневска Георгиевска освои вкупно 90 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше со почеток во 11,00 часот и заврши во 13,00 часот.

Комисијата во состав:

1. Ментор на кандидатот - Никола Димитровски - Виш инспектор
2. Томислав Цветковски - Виш инспектор
3. Соња Налбанти Димоска - Советник инспектор
4. Благоја Гешовски - Претставник од Инспекциски совет

Изработил:
Никола Димитровски

Доставено до:
-Именуваните,
- архива


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk